НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ

ВТОР КВАРТАЛ, 2020 ГОДИНА

јули 2020 година

Содржина

1. Резиме на резултатите 2

2. Кредити на претпријатијата 2

2.1 Услови за кредитирање 2

2.2 Побарувачка на кредити 6

3. Кредити на домаќинствата 8

3.1 Услови за кредитирање 8

3.2 Побарувачка на кредити 12

4. Резултати од поединечните прашања 16

4.1 Кредити на претпријатијата 16

4.2 Кредити на домаќинствата 22

1. Резиме на резултатите[1]

Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на вкупните кредитни услови, но значително посилно во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: мало нето-намалување на побарувачката на корпоративните кредити, но послабо во однос на претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал на 2020 година: олеснување на кредитните услови слично како и во претходната анкета и раст на побарувачката на корпоративните кредити, поизразен во споредба со очекуваната од претходната анкета.

Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: нето-олеснување на вкупните кредитни услови, поизразено во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: значително нето-намалување на побарувачката на вкупните кредити на домаќинствата, наспроти нето-зголемувањето во претходната анкета.

- Очекувања за третиот квартал на 2020 година: нето-заострување на кредитните услови и поизразено нето-зголемување на вкупната побарувачка на кредитите на домаќинствата, во однос на очекувањата во претходната анкета.

2. Кредити на претпријатијата

2.1 Услови за кредитирање

Нето-олеснувањето на условите за одобрување корпоративни кредити продолжи и во вториот квартал на 2020 година, но значително посилно во споредба со претходното тримесечје. Во оваа анкета, забележано е зголемување на процентот на банки коишто укажале на делумно, односно значително олеснување на кредитните услови (околу 50% од банките наспроти 14% во претходната анкета), при намалување на процентот на банки коишто укажале на непроменети кредитни услови. Нето-олеснувањето на условите за кредитирање на претпријатијата во вториот квартал од годината е посилно во споредба со очекувањата на банките дадени во претходната анкета за истиот квартал. За третиот квартал од 2020 година, банките упатуваат на натамошно нето-олеснување на кредитните услови за одобрување корпоративни кредити, но послабо во однос на остварувањата во вториот квартал.

[1] Со Анкетата се опфатени 14 банки и сите банки доставија одговори. Методологијата на Анкетата за кредитната активност е претставена во посебен прилог, којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност

Графикон 1
Услови за кредитирање при одобрување заеми или кредитни линии на претпријатијата (нето-процент*)



* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително се заострени" и „делумно се заострени" и збирот на процентите „делумно се олеснети" и „значително се олеснети". Позитивниот нето-процент укажува на заострување на условите за кредитирање на корпоративниот сектор, додека негативниот нето-процент укажува на олеснување на условите за кредитирање на корпоративниот сектор.

Согласно со овозможената поголема флексибилност за банките при промена на договорните услови за отплата на кредитите, во полза на клиентите, во вториот квартал поголемо нето-олеснување е забележано кај достасувањето на заемите, за разлика од претходно, кога главно тоа беше поизразено кај каматната стапка. Така, според согледувањата на банките за поединечните услови за кредитирање на корпоративниот

сектор, најголемо нето-олеснување во вториот квартал се забележува кај достасувањето на заемите, коешто во последните четири години беше главно непроменето. Кај каматната стапка се забележува понатамошно нето-олеснување, но послабо во однос на претходната анкета. Нето-олеснување е забележано и кај некаматните приходи, наспроти нивното мало нето-заострување во претходната анкета. Кај големината на заемот и барањата за обезбедувањето е забележано нето-заострување, поизразено во однос на претходниот период.

Графикон 2
Промена на поединечните услови за кредитирање на корпоративниот сектор
(нето-процент*)



* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително се заострени" и „делумно се заострени" и збирот на процентите „делумно се олеснети" и „значително се олеснети". Позитивниот нето-процент укажува на дестимулативно влијание на конкретниот услов при кредитирањето на корпоративниот сектор, додека негативниот нето-процент укажува на стимулативно влијание на конкретниот услов при кредитирањето на корпоративниот сектор.

Во поглед на факторите коишто делуваат врз условите за одобрување корпоративни кредити, во рамките на групата „трошоци на финансиските средства и ограничувања на билансот на состојба", факторите пристап на банката до пазарно финансирање и ликвидносна позиција на банката и понатаму придонесуваат за нето-олеснување на кредитните услови, но посилно кај првиот фактор во однос на претходната анкета. Од факторите кај групата „притисоци од конкуренцијата", конкуренцијата од други банки и понатаму е водечки фактор којшто придонесува за олеснување на кредитните услови. Во оваа насока делува и конкуренцијата од пазарното финансирање, но поумерено во однос на претходната анкета. Што се однесува до групата фактори за „согледување на ризикот", се забележува значително зголемување на согледувањето за ризик од страна на банките. Ова може да се објасни со тоа што Анкетата беше спроведена во период кога негативните ефекти од брзото ширење на вирусната инфекција ковид-19 врз домашната економија беа најизразени. Имено, трите фактори од оваа група: очекувања за вкупната економска активност, очекувања за перспективата на гранката на која ѝ припаѓа претпријатието како и ризик од неизвршување на обезбедувањето придонесуваат за нето-заострување на кредитните услови, наспроти нето-олеснувањето во претходната анкета.

Графикон 3
Фактори коишто предизвикуваат промена на условите за кредитирање на корпоративниот сектор (нето-процент*)



* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „--" (значително придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и „-" (делумно придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и збирот на „+" (делумно придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање) и „++" (значително придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање). Позитивниот нето-процент укажува на влијание на факторот врз заострување на условите за кредитирање на корпоративниот сектор, додека негативниот нето-процент укажува на влијание на факторот врз олеснување на условите за кредитирање на корпоративниот сектор.

Од аспект на влијанието на монетарната политика врз условите за кредитирање на корпоративниот сектор во вториот квартал од годината, во оваа анкета помал процент на банките укажуваат дека промените на монетарната политика незначително влијаеле врз нивната политика за одредување каматни стапки за корпоративните кредити (43,8%), во споредба со претходната анкета (71,6%). Процентот на банки коишто укажуваат дека промените во монетарната политика делумно влијаеле врз нивната каматна политика двојно се зголеми во однос на претходната анкета, од 24,8% на 53,2%.

Графикон 4
Влијание на промените на монетарната политика врз каматната политика при одобрувањето кредити на корпоративниот сектор



2.2 Побарувачка на кредити

Во вториот квартал на 2020 година, банките укажуваат на натамошно нето-намалување на вкупната побарувачка на корпоративни кредити, но послабо во однос на претходната анкета. Имено, околу 35% од банките укажуваат на делумно, односно значително зголемување на побарувачката за корпоративните кредити, наспроти малиот процент во претходната анкета (0,6%). Истовремено, околу 38% од банките укажуваат на делумно, односно значително намалување на кредитната побарувачката (9,7% во претходната анкета). Нето-намалувањето на побарувачката во вториот квартал е спротивно од очекувањата на банките од претходната анкета за нето-зголемување на побарувачката. За третото тримесечје, банките очекуваат нето-зголемување на кредитната побарувачка од страна на претпријатијата.

Графикон 5
Промена на побарувачката на кредити од страна на претпријатијата
(нето-процент*)



* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително е зголемена" и „делумно е зголемена" и збирот на процентите „делумно е намалена" и „значително е намалена". Позитивниот нето-процент укажува на зголемување на побарувачката на кредити, додека негативниот нето-процент укажува на намалување на побарувачката на кредити.

Според анализата на факторите коишто влијаат врз побарувачката на корпоративните кредити, во рамките на групата фактори „потреби од финансирање", сите три фактори (инвестициите во основни средства, инвестициите во залихи и обртен капитал и преструктурирањето на долгот) и понатаму придонесуваат кон нето-зголемување на побарувачката, но послабо во однос на претходната анкета. Ова е резултат на поголемиот процент на банки коишто укажале дека дел од овие фактори придонесуваат и за

намалување на побарувачката. Во рамките на факторите од групата „употреба на алтернативно финансирање", кај факторот заеми од останати банки се забележува мал придонес кон нето-зголемување на побарувачката за кредити, наспроти нето-намалувањето во претходната анкета. Кај факторите интерно финансирање и издавање сопствени хартии од вредност, исто така, се забележува мал придонес кон нето-зголемување на побарувачката, наспроти непроменетоста во претходниот период.

Графикон 6
Фактори коишто предизвикуваат промена на побарувачката на кредити на корпоративниот сектор (нето-процент*)



* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „++" (значително придонесува за повисока побарувачка) и „+" (делумно придонесува за повисока побарувачка) и збирот на „-" (делумно придонесува за намалување на побарувачката) и „--" (значително придонесува за намалување на побарувачката). Позитивниот нето-процент укажува на влијание на факторот врз зголемување на побарувачката на кредити на корпоративниот сектор, додека негативниот нето-процент укажува на влијание на факторот врз намалување на побарувачката на кредити на корпоративниот сектор

3. Кредити на домаќинствата

3.1 Услови за кредитирање

Во вториот квартал на 2020 година, банките укажуваат на натамошно нето-олеснување на вкупните кредитни услови кај кредитите на домаќинствата, коешто е

поизразено во споредба со претходната анкета. Притоа, поголемиот процент на банки (околу 73%) укажуваат на олеснети кредитни услови кај сите типови кредити на домаќинствата, наспроти околу 26% во претходната анкета. Воедно, околу 17% од банките укажуваат и на заострување на кредитните услови, за разлика од претходната анкета, кога ниту една банка не укажа на ова. Нето-олеснувањето на кредитните услови во вториот квартал е посилно во однос на очекувањата од претходната анкета. Во третото тримесечје, банките очекуваат нето-заострување на кредитните услови.

Графикон 7
Услови за кредитирање при одобрувањето кредити на домаќинствата
(нето-процент*)

* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително се заострени" и „делумно се заострени" и збирот на процентите „делумно се олеснети" и „значително се олеснети". Позитивниот нето-процент укажува на заострување на условите за кредитирање на домаќинствата, додека негативниот нето-процент укажува на олеснување на условите за кредитирање на домаќинствата.

Од аспект на поединечните кредитни услови, кај каматната стапка на кредитите за домаќинствата и понатаму се забележува нето-олеснување, коешто е значително поизразено во однос на претходната анкета. Кај останатите кредитни услови и натаму се забележува нето-олеснување на провизиите на станбените кредити, додека кај обврските за обезбедување и достасување на заемите на потрошувачките кредити, се забележува нето-заострување, наспроти нето-олеснувањето во претходната анкета.

Графикон 8
Поединечни кредитни услови при одобрување станбени кредити
(нето-процент*)

*Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително се заострени" и „делумно се заострени" и збирот на процентите „делумно се олеснети" и „значително се олеснети". Позитивниот нето-процент укажува на заострување на условите за одобрување станбени кредити на домаќинствата, додека негативниот нето-процент укажува на олеснување на условите за одобрување станбени кредити на домаќинствата.

Графикон 9
Поединечни кредитни услови при одобрување потрошувачки кредити
(нето-процент*)

* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително се заострени" и „делумно се заострени" и збирот на процентите „делумно се олеснети" и „значително се олеснети". Позитивниот нето-процент укажува на заострување на условите за одобрување потрошувачки кредити на домаќинствата, додека негативниот нето-процент укажува на олеснување на условите за одобрување потрошувачки кредити на домаќинствата.

Во однос на факторите коишто предизвикуваат промена на условите за одобрување кредити за домаќинства, конкуренцијата од другите банки и натаму е главниот фактор којшто придонесува за нето-олеснување на кредитните услови, но повеќе во однос на

претходната анкета. Трошоците на финансиските средства и ограничувањата на билансот на состојба и понатаму придонесуваат за нето-олеснување на условите за одобрување потрошувачки кредити, слично како и во минатата анкета, додека кај станбените кредити овој фактор придонесува за мало нето-заострување на условите. Од факторите за согледување на ризикот, очекувањата за вкупната економска активност и кредитната способност на потрошувачите се фактори коишто и натаму придонесуваат кон нето-олеснување на условите кај двата вида кредити на домаќинствата, со поголем придонес во споредба со претходната анкета. Ризикот од неизвршување на обезбедувањето и натаму придонесува за нето-заострување на кредитните услови, кај двата типа кредити.

Графикон 10
Фактори коишто предизвикуваат промена на условите за одобрување на станбените и потрошувачките кредити
(нето-процент*)



*Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „--" (значително придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и „-" (делумно придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и збирот на „+" (делумно придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање) и „++" (значително придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање). Позитивниот нето-процент укажува на заострување на условите за кредитирање на домаќинствата, додека негативниот нето-процент укажува на олеснување на условите за кредитирање на домаќинствата.

Од аспект на влијанието на промените на монетарната политика врз каматната политика на банките при одобрувањето кредити на домаќинствата, процентот од банките коишто одговориле дека промените во монетарната политика незначително влијаеле врз нивната каматна политика изнесува околу 37% (околу 78% во минатата анкета). Процентот

на банките коишто укажуваат дека промените во монетарната политика делумно, односно значително влијаат врз каматната политика е зголемен и изнесува околу 61% (околу 3% во претходната анкета).

Графикон 11
Влијание на промените на монетарната политика врз каматната политика при одобрувањето кредити на домаќинствата



3.2 Побарувачка на кредити

Во второто тримесечје на 2020 година, одговорите на банките укажуваат на значително нето-намалување на побарувачката на вкупните кредити на секторот „домаќинства", наспроти малото нето-зголемување во претходната анкета. Имено, околу 58% од банките укажале на значително намалување на кредитната побарувачката, наспроти претходната анкета кога ниту една банка не се изјаснила на овој начин. Зголемување е забележано и кај процентот на банките коишто укажале на делумно намалување на побарувачката, и тоа од 8,5% на 18,4%. Нето-намалувањето на кредитната побарувачка во вториот квартал е спротивно од очекувањата на банките во претходната анкета за нето-зголемување. Во третиот квартал, банките очекуваат нормализирање на побарувачката за кредити од страна на домаќинствата, при што се очекува нејзино нето-зголемување.

Графикон 12
Промена на побарувачката на кредити од страна на домаќинствата
(нето-процент*)



* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително е зголемена" и „делумно е зголемена" и збирот на процентите „делумно е намалена" и „значително е намалена". Позитивниот нето-процент укажува на зголемување на побарувачката на кредити, додека негативниот нето-процент укажува на намалување на побарувачката на кредити.

Што се однесува на факторите коишто делуваат врз побарувачката на станбените кредити, перспективите на пазарот за станбена изградба, довербата на потрошувачите и заштедите на домаќинства и понатаму придонесуваат кон нето-зголемување на кредитната побарувачка, но послабо во споредба со претходната анкета. Кредитите од останатите банки и понатаму се фактор којшто придонесува за нето-намалување на побарувачката на станбени кредити, но повеќе во однос на претходната анкета. Факторите „трошоци на потрошувачите коишто не се поврзани за домувањето" и „останати извори на финансирање" и понатаму придонесуваат кон нето-намалување на побарувачката, поизразено во однос на претходната анкета.

Графикон 13
Фактори коишто предизвикуваат промена кај побарувачката на станбените кредити (нето-процент*)



*Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „++" (значително придонесува за повисока побарувачка) и „+" (делумно придонесува за повисока побарувачка) и збирот на „-" (делумно придонесува за намалување на побарувачката) и „--" (значително придонесува за намалување на побарувачката). Позитивниот нето-процент укажува на влијание на факторот врз зголемување на побарувачката настанбени кредити, додека негативниот нето-процент укажува на влијание на факторот врз намалување на побарувачката настанбени кредити.

Од факторите коишто делуваат врз побарувачката на потрошувачките кредити, позначителна промена во вториот квартал на 2020 година се забележува кај трошењето за трајни добра, коишто придонесуваат за нето-намалување на побарувачката, наспроти нето-зголемувањето во претходната анкета. Во оваа насока делуваат и заштедите на населението, но послабо во однос на претходниот период, како и кредитите од останати банки коишто придонесуваат за минимално нето-намалување (нето-зголемување во претходниот период). Од друга страна, довербата на потрошувачите и понатаму е фактор којшто најмногу придонесува кон нето-зголемување на побарувачката, а во иста насока делуваат и останатите извори на финансирање, речиси исто како и во претходната анкета.

Графикон 14
Фактори коишто предизвикуваат промена кај побарувачката на потрошувачките и останатите кредити
(нето-процент*)



* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „++" (значително придонесува за повисока побарувачка) и „+" (делумно придонесува за повисока побарувачка) и збирот на „-" (делумно придонесува за намалување на побарувачката) и „--" (значително придонесува за намалување на побарувачката). Позитивниот нето-процент укажува навлијание на факторот врз зголемување на побарувачката напотрошувачки и останати кредити, додека негативниот нето-процент укажува на влијание на факторотврз намалување на побарувачката напотрошувачки и останати кредити.

ПРИЛОГ 1[2]

4. Резултати од поединечните прашања

4.1 Кредити на претпријатијата

1. Како се променети условите за кредитирање на Вашата банка,
од аспект на одобрувањето кредити на претпријатијата во изминатите три месеци?

	Вкупно		Кредити на малите и средните претпријатија		Кредити на големите претпријатија		Краткорочни кредити		Долгорочни кредити	
	Кв.1 2020	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**
Значително се заострени										
Делумно се заострени	4,8	5,2	4,8	5,2	4,8	5,2			4,8	5,2
Во основа останаа непроменети	80,9	45,1	80,9	45,1	80,9	45,1	85,7	50,3	80,9	58,0
Делумно се олеснети	14,2	28,2	14,2	28,2	14,2	28,2	14,2	28,2	14,2	15,3
Значително се олеснети		21,5		21,5		21,5		21,5		21,5
Неприменливо										
Вкупно	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**
Нето-процент	***-9,4***	***-44,5***	***-9,4***	***-44,5***	***-9,4***	***-44,5***	***-14,2***	***-49,7***	***-9,4***	***-31,6***
Број на банки коишто одговориле	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**

Нето-процентот преставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително се заострени" и „делумно се заострени", и збирот на процентите „делумно се олеснети" и „значително се олеснети".

[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност може да се најде на следнава врска: Анкета за кредитната активност - временска серија

2. Како влијаеја долунаведените фактори врз условите за кредитирање на Вашата банка, од аспект на одобрувањето кредити на претпријатијата во изминатите три месеци (се однесува на одговорот на прашањето 1 во колоната „вкупно")? Ве молиме оценете гопридонесот за заострувањето или олеснувањето на кредитните стандарди користејќи ја следнава скала:

-- = значително придонесуваат за заострени услови за кредитирање
- = делумно придонесуваат за заострени услови за кредитирање
0 = придонесуваат за непроменетост на условите за кредитирање
+ = делумно придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање
++ = значително придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање
НП = неприменливо

	- -	-	о	+	++	НП	Нето-процент	
							Кв.1 2020	Кв.2 2020
А) Трошоци на финансиските средства и ограничувања на билансот на состојба								
-Трошоци поврзани со капиталната позиција на Вашата банка		2,5	95,0			2,5	-2,5	2,5
-Пристап на банката до пазарно финансирање (на пример, на пазарот на пари)		0,5	80,0	17,0		2,5	-2,5	-16,5
-Ликвидносната позиција на Вашата банка		0,5	81,9	12,1	3,0	2,5	-33,6	-14,6
Б) Притисок од конкуренција								
-Конкуренција од другите банки			33,4	59,9	4,2	2,5	-64,6	-64,1
-Конкуренција од небанкарски сектор			93,9	0,6	3,0	2,5	-3,1	-3,6
-Конкуренција од пазарното финансирање			79,9	17,6		2,5	-24,8	-17,6
В) Согледување за ризикот								
-Очекувања за вкупната економска активност		48,7	48,8			2,5	-4,2	48,7
- Очекувања за перспективата на гранката на која ѝ припаѓа претпријатието и на перспективата на поединечните фирми	21,5	27,2	48,8			2,5	-1,5	48,7
-Ризик од неизвршување на обезбедувањето	3,0	48,7	45,8			2,5	-17,0	51,7
Г) Останати фактори, Ве молиме наведете ги								

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „--" (значително придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и „-" (делумно придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и збирот на „+" (делумно придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање) и „++" (значително придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање).

3. Ве молиме оценете ја важноста на одделните фактори при процената на кредитната способност на претпријатијата.

-- = потполно неважни

- = делумно важни

0 = важни

+ = многу важни

++ = исклучително важни

НП = неприменливо

	- -	-	o	+	++	НП	Нето-процент	
							Кв.1 2020	Кв.2 2020
Познавање на клиентот преку деловен однос				54,6	42,9	2,5	99,9	97,5
Проценет бонитет на клиентот			12,9	22,0	62,6	2,5	87,2	84,6
Лојалност кон банката			42,1	28,7	26,7	2,5	59,0	55,4
Капиталната моќ на клиентот		21,5	12,9	35,3	27,8	2,5	84,5	41,6
Приходите на клиентот			0,5	49,0	48,0	2,5	97	97,0
Квалитетот на инвестицискиот проект			0,6	42,4	54,5	2,5	100	96,9
Квалитетот на управувањето во претпријатието			36,1	17,6	43,8	2,5	85,7	61,4
Вредноста на хипотеката		21,5	26,9	44,4	4,7	2,5	51,3	27,6
Приходната/капиталната моќ на гарантите		21,5	41,2	30,6	4,2	2,5	37,6	13,3
Висината на учеството во финансирањето			28,0	66,5	3,0	2,5	46,1	69,5
Останати фактори, Ве молиме наведете ги								

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „++"(исклучително важни) и „+"(многу важни) и збирот на „-" (делумно важни) и „--"(потполно неважни).

4. Како се променети условите на Вашата банка, од аспект на одобрувањето кредити на претпријатијата во изминатите три месеци? Ве молиме оценете го секој фактор користејќи ја скалата:

-- = значително се заострени
- = делумно се заострени
0 = во основа се непроменети
+ = делумно се олеснети
++ = значително се олеснети
НП = неприменливо

	- -	-	о	+	++	НП	Нето-процент	
							Кв.1 2020	Кв.2 2020
А) Каматна стапка на кредитите		5,2	63,0	29,3		2,5	-60,6	-24,1
Б) Останати услови и рокови			58,6	21,5				
-Некаматни приходи	5,2		70,8	21,5		2,5	3,1	-16,3
-Големина на заемот или на кредитната линија		21,5	74,2	0,6	1,2	2,5	-1,2	19,7
-Барања за обезбедување		26,7	70,8			2,5	4,8	26,7
-Достасување на заемите			62	35,5		2,5	0,0	-35,5
В) Останати фактори, Ве молиме наведете ги								

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „--" (значително се заострени) и „-"(делумно се заострени) и збирот на „+" (делумно се олеснети) и „++" (значително се олеснети).

5. Какво влијание имаа промените во монетарната политика врз Вашата каматна политика (камати на новоодобрените кредити на претпријатијата) во последните три месеци?

	Вкупно		Кредити на малите и средните претпријатија		Кредити на големите претпријатија		Краткорочни кредити		Долгорочни кредити	
	Кв.1 2020	Кв.2 2020	Кв.1 2020	Кв.2 2020	Кв.1 2020	Кв.2 2020	Кв.1 2020	Кв.2 2020	Кв.1 2020	Кв.2 2020
Значително влијаеја				0,6						
Делумно влијаеја	24,8	53,2	24,8	38,6	24,8	52,6	24,8	38,6	24,8	53,2
Незначително влијаеја	71,6	43,8	71,6	57,8	71,6	44,4	71,6	58,4	58,9	30,9
Не влијаеја	3,5	0,5	3,5	0,5	3,5	0,5	3,5	0,5	16,2	13,4
Неприменливо		2,5		2,5		2,5		2,5		2,5
Вкупно	***100***	***100***	***100***	***100***	***100***	***100***	***100***	***100***	***100***	***100***
Нето-процент	***-3,5***	***-0,5***	***-3,5***	***0,1***	***-3,5***	***-0,5***	***-3,5***	***-0,5***	***-16,2***	***-13,4***
Број на банки коишто одговориле	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**

Нето-процентот претставува разлика помеѓу процентите „значително влијаеја" и „не влијаеја".

6. Како се промени побарувачката на кредити од страна на претпријатијата во последните три месеци, исклучувајќи ги вообичаените сезонски промени?

	Вкупно		Кредити на малите и средните претпријатија		Кредити на големите претпријатија		Краткорочни кредити		Долгорочни кредити	
	Кв.1 2020	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**
Значително е намалена	9,7	9,7	9,7	9,7	9,7	9,7	9,7	9,7	9,7	9,7
Делумно е намалена		28,7	5,5	33,9	0,7	28,7		28,7	5,5	33,9
Во основа остана непроменета	89,6	24,2	84,1	19,0	88,9	24,2	76,9	24,2	84,1	31,9
Делумно е зголемена	0,6	13,4	0,6	13,4	0,6	13,4	13,3	13,4	0,6	0,5
Значително е зголемена		21,5		21,5		21,5		21,5		21,5
Неприменливо		2,5		2,5		2,5		2,5		2,5
Вкупно	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**
Нето-процент	***-9,1***	***-3,5***	***-14,6***	***-8,7***	***-9,8***	***-3,5***	***3,6***	***-3,5***	***-14,6***	***-21,6***
Број на банки коишто одговориле	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително е зголемена" и „делумно е зголемена" и збирот на процентите „делумно е намалена" и „значително е намалена".

7. Како влијаеја наведените фактори врз побарувачката на кредити од страна на претпријатијата (се однесува на одговорот на прашањето 6 во колоната „вкупно")? Ве молиме оценете го секој фактор употребувајќи ја скалата:

-- = значително придонесува за намалување на побарувачката
- = делумно придонесува за намалување на побарувачка
0 = придонесува за непроменетост на побарувачката
+ = делумно придонесува за зголемување на побарувачката
++ = значително придонесува за повисока побарувачка
НП = неприменливо

	- -	**-**	**о**	**+**	**++**	**НП**	**Нето-процент**	
							Кв.1 2020	**Кв.2 2020**
А) Потреби од финансирање								
- Инвестиции во основни средства		17,9	46,7	31,7	1,2	2,5	43,3	15,0
-Инвестиции во залихи и обртен капитал		34,2	22,0	40,1	1,2	2,5	28,0	7,1
-Преструктурирање на долгот			85,5	12,0		2,5	12,8	12,0
Б) Употреба на алтернативно финансирање								
-Интерно финансирање		12,7	69,1	15,2		3,0	0,0	2,5
-Заеми од останати банки		12,7	66,1	18,2		3,0	-19,3	5,5
-Издавање сопствени хартии од вредност			85,5	1,2		13,3	0,0	1,2
В) Останати фактори, Ве молиме наведете ги								

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „++" (значително придонесува за повисока побарувачка) и „+"(делумно придонесува за повисока побарувачка) и збирот на „-" (делумно придонесува за намалување на побарувачката) и „--" (значително придонесува за намалување на побарувачката).

8. Ве молиме наведете каква промена очекувате кај условите за кредитирање на Вашата банка во следните три месеци, од аспект на одобрувањето кредити на претпријатијата.

	Вкупно		Кредити на малите и средните претпријатија		Кредити на големите претпријатија		Краткорочни кредити		Долгорочни кредити	
	Кв.1 2020	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**
Значително ќе се заострат										
Делумно ќе се заострат	4,8	5,2	4,8	5,2	4,8	5,2	4,8	5,2	4,8	5,2
Во основа ќе останат непроменети	77,8	72,1	77,8	72,1	77,8	72,1	65,1	72,1	77,8	60,0
Делумно ќе се олеснат	17,3	22,7	17,3	22,7	17,3	22,7	30	22,7	17,3	34,8
Значително ќе се олеснат										
Неприменливо										
Вкупно	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**
Нето-процент	***-12,5***	***-17,5***	***-12,5***	***-17,5***	***-12,5***	***-17,5***	***-25,2***	***-17,5***	***-12,5***	***-29,6***
Број на банки коишто одговориле	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**

Нето-процентот преставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително ќе се заострат" и „делумно ќе се заострат", и збирот на процентите „делумно ќе се олеснат" и „значително ќе се олеснат".

9. Ве молиме наведете каква промена очекувате кај побарувачката на кредити од страна на претпријатијата во следните три месеци (исклучувајќи ги вообичаените сезонски промени).

	Вкупно		Кредити на малите и средните претпријатија		Кредити на големите претпријатија		Краткорочни кредити		Долгорочни кредити	
	Кв.1 2020	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**
Значително ќе се намали	9,7	9,7	9,7	9,7	9,7	9,7	9,7	9,7	9,7	9,7
Делумно ќе се намали										
Во основа ќе остане непроменета	51,7	24,1	33	6	51,7	38,7	39	11,2	52,4	24,7
Делумно ќе се зголеми	38,5	66,2	56,5	62,8	38,5	51,6	50,5	57,6	37,8	65,6
Значително ќе се зголеми			0,7	21,5			0,7	21,5		
Неприменливо										
Вкупно	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**
Нето-процент	***28,8***	***56,5***	***47,5***	***74,6***	***28,8***	***41,9***	***41,5***	***69,4***	***28,1***	***55,9***
Број на банки коишто одговориле	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително ќе се зголеми" и „делумно ќе се зголеми" и збирот на процентите „делумно ќе се намали" и „значително ќе се намали".

4.2 Кредити на домаќинствата

10. Како се променети условите за кредитирање на Вашата банка од аспект на одобрувањето кредити на домаќинствата во изминатите три месеци?

	Вкупно		**Станбени кредити**		**Потрошувачки кредити**		**Останати кредити**	
	Кв.1 2020	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**
Значително се заострени								
Делумно се заострени		17,1		16,8		17,3		16,8
Во основа останаа непроменети	74,8	9,2	71,1	9,5	73,0	9,0	88,0	9,5
Делумно се олеснети	22,2	65,9	18,8	63,6	27,2	65	11,7	73,5
Значително се олеснети	3,0	7,6	9,8	9,9		8,5		
Неприменливо	0,2		0,5				0,5	
Вкупно	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**
Нето-процент	***-25,2***	***-56,4***	***-28,6***	***-56,7***	***-27,2***	***-56,2***	***-11,7***	***-56,7***
Број на банки коишто одговориле	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**

Нето-процентот преставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително се заострени" и „делумно се заострени", и збирот на процентите „делумно се олеснети" и „значително се олеснети".

11. Како влијаеја долунаведените фактори врз условите за кредитирање на Вашата банка во поглед на одобрувањето станбени кредити на населението во изминатите три месеци (се однесува на одговорот на прашањето 10)? Ве молиме оценете го придонесот на наведените фактори за заострувањето или олеснувањето на условите за кредитирање користејќи ја следнава скала:

-- = значително придонесуваат за заострени услови за кредитирање
- = делумно придонесуваат за заострени услови за кредитирање
0 = придонесуваат за непроменетост на условите за кредитирање
+ = делумно придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање
++ = значително придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање
НП = неприменливо

	- -	-	о	+	++	НП	Нето-процент Кв.1 2020	Кв.2 2020
А) Трошоци на финансиските средства и ограничувања на билансот на состојба		1,9	97,4			0,5	-9,8	1,9
Б) Притисок од конкуренција								
-Конкуренција од други банки			27,5	69,9	1,9	0,5	-52,6	-71,8
В) Согледувања за ризикот								
-Очекувања за вкупната економска активност	0,5	10,2	47,8	41,3			-20,2	-30,6
-Ризик од неизвршување на обезбедувањето	7,1	31,7	51,1	9,9			22,1	28,9
-Кредитна способност на потрошувачите	0,5	11,1	60,7	27,5			-8,3	-15,9
Г) Останати фактори, Ве молиме наведете ги								

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „--" (значително придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и „-"(делумно придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и збирот на „+" (делумно придонесуваат за олеснување на условите) и „++" (значително придонесуваат за олеснување на условите).

12. Ве молиме оценете ја важноста на одделните фактори при процената на кредитната способност на домаќинствата.

-- = потполно неважни
- = делумно важни
0 = важни
+ = многу важни
++ = исклучително важни
НП = неприменливо

	- -	-	о	+	++	НП	Нето-процент Кв.1 2020	Кв.2 2020
Познавање на клиентот преку деловен однос			41,4	48,2	10,2		78,6	58,4
Проценет бонитет на клиентот			4,3	37,5	58,0		99,2	95,5
Лојалност кон банката			75,3	22,8	1,7		30,8	24,5
Капиталната моќ на клиентот		27,5	9,4	42,0	20,9		35,2	35,4
Приходите на клиентот				26,2	73,6		100	100
Квалитет на управувањето во претпријатието во кое е вработен клиентот			46,8	42,3	10,7		49,4	53,0
Вредност на хипотеката			24,8	41,5	33,5		82,0	75,0
Приходна/капитална моќ на гарантите		8,5	43,0	19,1	29,2		49,9	39,8
Висина на учеството во финансирањето			59,7	38,4	1,7		67,6	40,1
Останати фактори, Ве молиме наведете ги								

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „++" (исклучително важни) и „+" (многу важни) и збирот на „-" (делумно важни) и „--" (потполно неважни).

13. Какво влијание имаа промените во монетарната политика врз Вашата каматна политика (камати на новоодобрени кредити на домаќинствата) во последните три месеци?

	Вкупно		Станбени кредити		Потрошувачки кредити		Краткорочни кредити		Долгорочни кредити	
	Кв.1 2020	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**
Значително влијаеја		18,4		18,4		18,4		18,4		18,4
Делумно влијаеја	3,2	42,7	3,2	42,7	1,9	48,1	1,9	42,7	1,9	42,7
Незначително влијаеја	77,9	36,9	77,9	36,9	77,9	32	77,9	36,9	77,9	36,9
Не влијаеја	19,1	1,8	19,1	1,8	20,4	1,3	20,4	1,8	20,4	1,8
Неприменливо										
Вкупно	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**
Нето-процент	***-19,1***	***16,6***	***-19,1***	***16,6***	***-20,4***	***17,1***	***-20,4***	***16,6***	***-20,4***	***16,6***
Број на банки коишто одговориле	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**

Нето-процентот претставува разлика помеѓу процентите „значително влијаеја" и „не влијаеја".

14. Како се променети условите на Вашата банка, од аспект на одобрувањето станбени кредити на домаќинствата, во изминатите три месеци? Ве молиме оценете го секој фактор користејќи ја скалата:

-- = значително се заострени
- = делумно се заострени
0 = во основа се непроменети
+ = делумно се олеснети
++ = значително се олеснети
НП = неприменливо

	- -	-	о	+	++	НП	Нето-процент	
							Кв.1 2020	**Кв.2 2020**
А) Цена		10,2	17,8	63,3	8,5		-43,8	-61,6
Б) Останати услови								
-Обврски за обезбедување			97,9	1,9			-1,9	-1,9
-Покриеност на кредитот со обезбедување ("loan to value" ratio)			97,9		1,9		-1,9	-1,9
-Достасување на заемите			100				0,0	0,0
-Провизии			79,5	18,4	1,9		-20,2	-20,3
В) Останати фактори, Ве молиме наведете ги								

15. Како влијаеја долунаведените фактори врз условите за кредитирање на Вашата банка во изминатите три месеци од аспект на одобрувањето потрошувачки кредити и останати кредити на домаќинствата (се однесува на одговорот на прашањето 10)? Ве молиме оценете

го придонесот на наведените фактори за заострувањето или олеснувањето на условите за кредитирање, користејќи ја следнава скала:

-- = значително придонесуваат за заострени услови за кредитирање
- = делумно придонесуваат за заострени услови за кредитирање
0 = во основа придонесуваат за непроменетост на условите закредитирање
+ = делумно придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање
++ = значително придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање
НП = неприменливо

	- -	-	о	+	++	НП	Нето-процент	
							Кв.1 2020	Кв.2 2020
А) Трошоци на финансиските средства и ограничувања на билансот на состојба		1,9	88,9	8,5		0,5	-8,5	-6,6
Б) Притисок од конкуренција								
-Конкуренција од другите банки			25,6	73,7		0,5	-52,6	-73,7
В) Согледувања за ризикот								
-Очекувања за вкупната економска активност		13,6	49,7	36,0		0,5	-8,5	-22,4
-Ризик од неизвршување на обезбедувањето	0,5	30,8	66,6	1,9			19,2	29,4
- Кредитна способност на потрошувачите	0,5	13,6	56,3	29,4			-11,2	-15,3
Г) Останати фактори, Ве молиме наведете ги								

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „--" (значително придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и „-" (делумно придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и збирот на „+" (делумно придонесуваат за олеснување на условите) и „++" (значително придонесуваат за олеснување на условите).

16. Како се променети условите на Вашата банка за одобрување потрошувачки кредити и останати кредити на домаќинствата во изминатите три месеци? Ве молиме оценете го секој фактор, користејќи ја скалата:

-- = значително се заострени
- = делумно се заострени
0 = во основа се непроменети
+ = делумно се олеснети
++ = значително се олеснети
НП = неприменливо

	- -	-	о	+	++	НП	Нето-процент	
							Кв.1 2020	Кв.2 2020
А) Каматна стапка на кредитите	10,2		19,0	61,6	8,5	0,5	-11,9	-59,9
Б) Останати услови								
-Обврски за обезбедување		10,2	87,2	1,9		0,5	-1,9	8,3
-Достасување на заемите		10,2	87,2		1,9	0,5	-13,4	8,3
-Некаматни приходи		10,2	78,7	10,4	0,0	0,5	-10,4	-0,2
В) Останати фактори, Ве молиме наведете ги								

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „--" (значително се заострени) и „-" (делумно се заострени) и збирот на „+" (делумно се олеснети) и „++" (значително се олеснети).

17. Како се промени побарувачката на кредити од страна на домаќинствата во последните три месеци, исклучувајќи ги вообичаените сезонски промени?

	Вкупно		Станбени кредити		Потрошувачки кредити		Останати кредити	
	Кв.1 2020	Кв.2 2020	Кв.1 2020	Кв.2 2020	Кв.1 2020	Кв.2 2020	Кв.1 2020	Кв.2 2020
Значително е намалена		58,3		58,3		58,3		58,3
Делумно е намалена	8,5	18,4	1,3	25,3	11,7	15,3	11,7	15,3
Во основа остана непроменета	82,2	14,3	89,1	5,0	76,5	16,3	88,0	26,2
Делумно е зголемена	9,5	8,8	9,8	11,2	12,0	9,9	0,5	
Значително е зголемена								
Неприменливо								
Вкупно	***100***	***100***	***100***	***100***	***100***	***100***	***100***	***100***
Нето-процент	***1,0***	***-67,9***	***8,5***	***-72,4***	***0,3***	***-63,7***	***-11,2***	***-73,6***
Број на банки коишто одговориле	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително е зголемена" и „делумно е зголемена" и збирот на процентите „делумно е намалена" и „значително е намалена".

18. Како влијаеја наведените фактори врз побарувачката на станбени кредити од страна на домаќинствата во изминатите три месеци (се однесува на прашањето 17)? Ве молиме оценете го секој фактор посебно, употребувајќи ја скалата:

-- = значително придонесува за намалување на побарувачката
- = делумно придонесува за намалување на побарувачката
0 = придонесува за непроменетост на побарувачката
+= делумно придонесува за зголемување на побарувачката
++ = значително придонесува за зголемување на побарувачката
НП = неприменливо

	- -	-	о	+	++	НП	Нето-процент	
							Кв. 1 2020	Кв. 2 2020
А) Потреби за финансирање								
- Перспективи на пазарот за станбена изградба	10,2	4,9	52,3	32,4			40,8	17,3
-Доверба на потрошувачите			65,6	33,7	0,5		41,3	34,2
-Трошоци на потрошувачите коишто не се поврзани за домувањето	27,5	0,9	68,0	3,4			-1,0	-25,0
Б) Употреба на алтернативно финансирање								
-Заштеди на населението	10,2	0,9	62,3	26,4			22,0	15,3
-Кредити од останатите банки	10,2	21,5	65,7	1,9		0,5	-9,9	-29,8
- Останати извори на финансирање	10,2	0,9	88,2			0,5	-1,0	-11,1
В) Останати фактори, Ве молиме наведете ги								

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „++" (значително придонесува за повисока побарувачка) и „+" (делумно придонесува за повисока побарувачка) и збирот на „-" (делумно придонесува за намалување на побарувачката) и „--" (значително придонесува за намалување на побарувачката).

19. Како влијаеја наведените фактори врз побарувачката на потрошувачки и останати кредити од страна на домаќинствата во изминатите три месеци (се однесува на одговорот на прашањето 17)? Ве молиме оценете го секој фактор посебно, употребувајќи ја скалата:

--= значително придонесува за намалување на побарувачката
- = делумно придонесува за намалување на побарувачката
0= придонесува за непроменетост на побарувачката
+ = делумно придонесува за зголемување на побарувачката
++ = значително придонесува за зголемување на побарувачката
НП = неприменливо

	- -	-	о	+	++	НП	Нето-процент	
							Кв.1 2020	Кв.2 2020
А) Потреби за финансирање								
- Трошење за трајни добра како што се: автомобили, мебел и сл.	10,2	4,9	82,3	1,9	0,5		5,8	-12,7
-Доверба на потрошувачите			66,9	32,4	0,5		32,8	32,9
Б) Употреба на алтернативи за финансирање		10,2	50,6					
-Заштеди на населението		11,1	84,8	3,9			-11,4	-7,2
-Кредити од останати банки		11,1	78,3	10,4			9,3	-0,7
-Останати извори на финансирање		0,9	89,9	9,0			8,0	8,1
В) Останати фактори, Ве молиме наведете ги								

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „++" (значително придонесува за повисока побарувачка) и „+" (делумно придонесува за повисока побарувачка) и збирот на „-"(делумно придонесува за намалување на побарувачката) и „--" (значително придонесуваат за намалување на побарувачката).

20. Ве молиме наведете каква промена очекувате кај условите за кредитирање на Вашата банка, од аспект на одобрувањето кредити на домаќинствата во следните три месеци.

	Вкупно		Станбени кредити		Потрошувачки кредити		Останати кредити	
	Кв.1 2020	Кв.2 2020	Кв.1 2020	Кв.2 2020	Кв.1 2020	Кв.2 2020	Кв.1 2020	Кв.2 2020
Значително ќе се заострат								
Делумно ќе се заострат	7,2	13,6	8,5	9	8,5	15,6		15,6
Во основа ќе останат непроменети	78,2	84,4	77,9	90,8	76,0	80,8	86,4	84,2
Делумно ќе се олеснат	14,8	1,8	13,8		15,7	3,4	13,8	
Значително ќе се олеснат								
Неприменливо								
Вкупно	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**
Нето-процент	***-7,7***	***11,7***	***-5,3***	***9,0***	***-7,2***	***12,2***	***-13,8***	***15,6***
Број на банки коишто одговориле	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**

Нето-процентот преставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително ќе се заострат" и „делумно ќе се заострат", и збирот на процентите „делумно ќе се олеснат" и „значително ќе се олеснат".

21. Ве молиме наведете каква промена очекувате кај побарувачката на кредити од страна на домаќинствата во следните три месеци (исклучувајќи ги вообичаените сезонски промени).

	Вкупно		Станбени кредити		Потрошувачки кредити		Останати кредити	
	Кв.1 2020	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**	**Кв.1 2020**	**Кв.2 2020**
Значително ќе се намали								
Делумно ќе се намали	15,3	21,2	23,5	22,5	11,7	20,6	11,7	20,6
Во основа ќе остане непроменета	51,9	13,6	61,8	18,4	41,2	6,6	68,8	28,0
Делумно ќе се зголеми	29,7	64,7	5,1	58,9	46,8	72,1	19,2	50,7
Значително ќе се зголеми	3,3	0,3	9,8		0,5	0,5	0,5	0,5
Неприменливо								
Вкупно	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**	**100**
Нето-процент	***17,7***	***43,9***	***-8,6***	***36,4***	***35,6***	***52,0***	***8,0***	***30,6***
Број на банки коишто одговориле	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**	**14**

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително ќе се зголеми" и „делумно ќе се зголеми" и збирот на процентите „делумно ќе се намали" и „значително ќе се намали".

Карактеристики на процесот на кредитирање во Вашата банка

Во следниве две табели се прикажани одговорите на банките на одделни конкретни прашања поврзани со процесот на одобрување кредити.

Кредитирање на претпријатијата*

Фактор/услов	1	2	3	4	5	0	
Број на години за кои се бараат финансиски извештаи		22,7	77,3				1) помалку од две; 2) две; 3) повеќе од две; 4) останато.
Фреквентност на посети на клиентите и на потенцијалните клиенти		0,6	99,4				1) никогаш; 2) понекогаш; 3) редовно; 4) останато.
Најчеста намена на одобрените кредити	2,5	100,0					1) основни средства; 2) обртни средства; 3) ликвидност; 4) останато.
Најчест сооднос на хипотеката и износот на кредитот	71,5	28,5					1) помалку од два; 2) два; 3) повеќе од два; 4) останато.
Достапност на кредитите без залог	72,8	17,5		9,7			1) да; 2) не; 3) само рамковните; 4) останато.
Минимален број на гаранти	58,4	0,6				43,5	
Сооднос на приходите на гарантот и месечната отплата	27,2	19,6		72,1			1) помалку од една третина; 2) една третина; 3) повеќе од една третина; 4) останато.
Задолжителен ексклузивен однос со банката при долгорочно кредитирање		23,2	76,8				1) да; 2) не; 3) за некои намени; 4) останато.
Кој ги одобрува кредитите до 100.000 евра?		67,7	1,1	31,2			1) Управниот одбор; 2) Кредитниот одбор; 3) Управниот и Кредитниот одбор; 4) останато
Кој ги одобрува кредитите од 100.000 евра до 500.000 евра?	0,6	59,5	8,2	35,3			1) Управниот одбор; 2) Кредитниот одбор; 3) Управниот и Кредитниот одбор; 4) останато
Кој ги одобрува кредитите над 500.000 евра?	14,0	31,6	39,6	13,3			1) Управниот одбор; 2) Кредитниот одбор; 3) Управниот и Кредитниот одбор; 4) останато
Вообичаено времетраење на постапката на одобрување кредит	5,0	70,0	12,9	12,1			1) помалку од една седмица; 2) од една до две седмици; 3) повеќе од две седмици; 4) останато.
Колкав е просечниот период за реализација на хипотеките?		61,0	14,0	24,0	1,0		1) помалку од шест месеци; 2) од шест до дванаесет месеци; 3) од една до две години; 4) повеќе од две години; 5) останато.

*Одделни банки одговориле со повеќе од еден одговор, а некои не одговориле на прашањата.

Кредитирање на домаќинствата*							
Фактор/услов	**1**	**2**	**3**	**4**	**5**	**0**	
Дали бројот на месеци на постојано вработување на барателот на кредит е релевантен при одобрувањето на кредит?		100					1-не, 2-да,
Колку месеци вообичаено треба да биде вработен барателот на кредит во постојан работен однос?	56,7	43,1					1-до шест месеци, 2-од шест до дванаесет месеци, 3-од 1 година до две години, 4-над две години
Најчест сооднос на хипотеката и износот на кредитот	75,6	22,5					1- помалку од два, 2-два, 3-повеќе од два, 4-останато
Достапност на кредитите без залог	97,4	1,9		0,5			1-да, 2-не, 3-само рамковните кредити, 4-останато
Минимален број на жиранти	26,0					73,8	
Сооднос на приходите на жирантот и месечната отплата*	14,5	50,2	46,2	20,6			1-помалку од една третина, 2-една третина, 3-повеќе од една третина, 4-останато
Автоматизирано одобрување кредити на населението	49,8	70,6					1-да, 2-не, 3-останато
Задолжителен ексклузивен однос со банката при долгорочно кредитирање	18,5	75,5	16,0				1-да, 2-не, 3-за некои намени, 4-останато
Кој ги одобрува кредитите во вредност поголема од 20.000 евра?		60,0	0,5	42,7			1-управниот одбор, 2-кредитниот одбор, 3-управниот и кредитниот одбор, 4-останато
Вообичаено времетраење на постапката на одобрување кредит	29,2	60,2	20,6				1-помалку од една седмица, 2-една до две седмици, 3-повеќе од две седмици, 4-останато
Колку изнесува просечното времетраење на реализација на хипотеките?	5,4	73,1	18,7	11,1	1,7		1-помалку од шест месеци, 2-од шест до дванаесет месеци, 3-една до две години, 4-повеќе од две години, 5-останато

Одделни банки одговориле со повеќе од еден одговор, а некои не одговориле на прашањата.